„Гледам дека вашите соништа се совпаѓаат во тоа дека таа е во последните седум ноќи – па кој сака да ја бара, нека ја бара во тие седум последни ноќи.“

Ибн Омер, Аллах нека е задоволен со него и со неговиот татко, раскажува: Некои луѓе од асхабите на Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем, во сон виделе дека Ноќта на Кадр се наоѓа во последните седум ноќи од рамазан. Тогаш Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, рече: „Гледам дека вашите соништа се совпаѓаат во тоа дека таа е во последните седум ноќи – па кој сака да ја бара, нека ја бара во тие седум последни ноќи.“

[صحيح] [متفق عليه]

Некои асхаби на Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем, виделе во сон дека Ноќта на Кадр е во последните седум ноќи од рамазан. Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем, ги потврдил нивните соништа, па го охрабрил оној кој сака да ја бара таа ноќ, да вложи труд во нејзиното барање преку зголемување на добрите дела, бидејќи најверојатно таа се наоѓа токму во тие ноќи. Овие седум ноќи започнуваат од дваесет и четвртата, ако рамазан брои триесет дена, а ако месецот има дваесет и девет дена, тогаш започнуваат од дваесет и третата ноќ.

http://sunnah.global/hadeeth/mk/show/4545